Република Македонија

# ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 7**

**15.05.2014**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Мислење во врска со Програмата за организирање на ученички екскурзии за ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар**

1.Го објавувам позитивното Мислење во врска со Програмата за организирање на ученички екскурзии за ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар донесено на 19-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 12.05.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-416/1 Општина Демир Хисар**
**15.05.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**197.**Врз основа на член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Демир Хисар ( Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02), а во согласност со Правилникот за начинот на изведување ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основното училиште и во врска со Програмата за реализација на ученички екскурзии доставена од ОУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 12.05.2014 година донесе

М И С Л Е Њ Е
Во врска со Програмата за организирање на ученички екскурзии за
ОУ „Гоце Делчев,, Демир Хисар

1. Согласно наведените прописи во преамбулата (повиканоста) Советот на општина Демир Хисар дава позитивно Мислење за целосно одобрување на Програмата за организирирање на ученички екскурзии за ОУ „Гоце Делчев,,, Демир Хисар и тоа:

-за изведување на екскурзијата во траење од еден ден за учениците од трето одделение;
-за изведување на екскурзијата во траење од два дена за учениците од шесто одделение и
-за изведување на екскурзијата во траење од три дена за учениците од осумгодишно образование.

2. Мислењето ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Демир Хисар поради неговата итност се применува веднаш.

**Бр.07- 389/3 Совет на Општина Демир Хисар**
**12.05.2014 година Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2014 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2014 година донесена на 19-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 12.05.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-416/2 Општина Демир Хисар**
**15.05.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

***198.*** Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002) како и во согласност со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005,2008), а во врска со член 43 став 1 точка 2 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.03/02) Советот на Општина Демир Хисар на 19 тата седница одржана на 12.05.2014 година донесе

**ОДЛУКА**
**За измена на распоредот на средствата на Буџетотна Општина ДЕМИР ХИСАР за 2014 година**

**Член 1**
Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2014 година на следниот начин:

| Програма и назив на потпрограмата Потставка и опис на потставката | буџет | смоф. | Дотации | донации | кред. |
|---|---|---|---|---|---|
| **D00 ГРАДОНАЧАЛНИК** | | | | | |
| 426990 други оперативни расходи | -40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | -60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423990Други материјали | -50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421410 горива и масла (моторни возила) | -50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 480140 Купување на Инфор. и видео опрема | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина ДЕМИР ХИСАР и станува составен дел на Буџетот на општината за 2014 година.

**Бр.07-389/4** **Совет на општина Демир Хисар**
**12.05.2014** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година-I квартал**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година I -квартал донесен на 19-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 12.05.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-416/3** **Општина Демир Хисар**
**15.05.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**199.**Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05 и 7/09/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 12.05.2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година I квартал**

1.СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година I квартал.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07- 389/5** **Совет на Општина Демир Хисар**
**12.05.2014 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Планот за зимско одржување на патиштата за сезона 2013/2014 година на подрачјето на општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Планот за зимско одржување на патиштата за сезона 2013/2014 година на подрачјето на Општина Демир Хисар донесен на 19-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 12.05.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-416/4** **Општина Демир Хисар**
**15.05.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**200.** Врз основа на член 92 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар „Службен гласник на општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05,7/09 и 16/13“ Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 12.05.2014 година донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Извештајот за реализација на Планот за зимско одржување на патишта за сезона 2013/2014 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Планот за зимско одржување на патиштата за сезона 2013/2014 година на подрачјето на Општина Демир Хисар.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07- 389/6 Совет на Општина Демир Хисар**
**12.05.2014 година Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за давање на Согласност за Статутот на ЈОУД детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за давање на Согласност за Статутот на ЈОУД детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар донесено на 19-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 12.05.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-416/5 Општина Демир Хисар**
**15.05.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**201.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа /"Службен весник на РМ" бр.5/02/, а во согласност со член 43 точка 28 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02/, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 12.05.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За давање Согласност на Статутот на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "2 -ри Септември" Демир Хисар

1. Се дава Согласност на Статутот на Јавната општинска установа за деца Детска градинка " 2 -ри Септември " Демир Хисар.

2.Решението за согласност е составен дел на Статутот на ЈОУД детска градинка „ Втори Септември“ Демир Хисар.

3.Решението за давање на Согласност на Статутот на ЈОУД детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр. 07-389/7 Совет на Општина Демир Хисар
12.05.2014 година Претседател,
Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Прелиминарна Одлука за воспоставување на партнерство за збратимување со Општина ДЕГ од Унгарија**

1.Ја објавувам Прелиминарната Одлука за воспоставување на партнерство за збратимување со Општина ДЕГ од Унгарија донесена на 19-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 12.05.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-416/6 Општина Демир Хисар**
**15.05.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**202.** Врз основа на чл. 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и чл. 43, став 1, точка 42 од Статутот на општината Демир Хисар (Службен гласник на општината Демир Хисар бр. 03/02, Советот на Општина Демир Хисар, на редовната седница одржана на 12.05.2014 година, донесе

**ПРЕЛИМИНАРНА ПОТВРДНА ОДЛУКА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ ПАРТНЕРСТВО ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ СО ОПШТИНА ДЕГ ОД УНГАРИЈА**

Чл. 1

Општина Демир Хисар е заинтересирана за воспоставување партнерство за збратимување со Општина Дег од Унгарија.

Чл. 2

Советот на Општина Демир Хисар потврдува, дека ја прифаќа во целост Одлуката на Претставничкиот одбор на локалната самоуправа на Дег со којашто, двете општини се обврзуваат да започнат подготвителни активности за соработка преку меѓусебно збратимување на општините.

Чл. 3

Советот на Општина Демир Хисар го овластува градоначалникот да ги започне разговорите и контактите со соодветните партнери од Општина Дег, Унгарија – размена на официјални писмени документи и непосредни средби на официјални делегации од двете општини, како и други активности што ќе бидат во функција на започнување и спроведување на постапката и чинот на збратимување.

Чл. 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Демир Хисар.

Бр. 07-389/8 Совет на Општина Демир Хисар
12.05.2014 година Претседател,
Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за покренување на иницијатива за обележување на 1000 години од постоењето на манастирот „Свети Јован Претеча“ с.Слепче и 1000 години од смртта на Цар Самоил**

1.Ја објавувам Одлуката за покренување на иницијатива за обележување на 1000 години од постоењето на манастирорт „Свети Јован Претеча“ с.Слепче и 1000 години од смртта на Цар Самоил донесена на 19-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 12.05.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-416/7 Општина Демир Хисар**
**15.05.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**203.** Врз основа на чл. 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02) и чл. 43, став 1, точка 47 од Статутот на општината Демир Хисар (Службен гласник на општината Демир Хисар), Советот на Општина Демир Хисар, на редовната седница одржана на 12.05.2014 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ПОКРЕНУВАЊЕ ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 1000 ГОДИНИ ОД ПОСТОЕЊЕТО НА МАНАСТИРОТ СВЕТИ ЈОВАН ПРЕТЕЧА КАЈ СЛЕПЧЕ И 1000 ГОДИНИ ОД СМРТТА НА ЦАР САМОИЛ**

Чл. 1

Манастирот "Св. Јован Претеча" Слепче припаѓа на групата на неколкуте најстари и најзначајни црковни и културно-историски споменици во Македонија. Иако постојат и пронајдени докази за постоење на цркви постари и од 2 – 3 века, долгата, илјадагодишна историја на манастирот, која во народната и духовната традиција на Македонија во сите населени места со име Слепче, се поврзува со трагичната одисеја на 14.000 ослепени војници и смртта на Цар Самоил, бележи видни подеми кои манастирот, во одреден историски период, го воздигнуваат до најзначајно и највлијателно црковно и манастирско средиште на Охридската архиепископија.

Чл. 2

Општина Демир Хисар покренува иницијатива за национално одбележување на 1000 годишнината од постоењето на манастирот свети Јован Претеча кај Слепче, Демир Хисар и 1000 години од смртта на Цар Самоил. Домаќин и организатор на прославата е Општина Демир Хисар

Чл. 3

Одбележувањето и прославата на овие јубилеи ќе се одвиваат под името „1000 ГОДИНИ ОД ПОСТОЕЊЕТО НА МАНАСТИРОТ СВЕТИ ЈОВАН ПРЕТЕЧА И 1000 ГОДИНИ ОД СМРТТА НА ЦАР САМОИЛ“. Централната почетна прослава ќе се одржи на 07.07.2014 год., на Иванден, во манастирот свети Јован Претеча.

Чл. 4

Домаќин и организатор е Општина Демир Хисар, а сите манифестации ќе се планираат, организираат и реализираат според Програма што ќе ја донесе Националниот одбор, а ќе ја спроведат Организационен одбор на Општина Демир Хисар и Местен организационен одбор на Слепче.

Чл. 5

Советот на Општина Демир Хисар ќе формира Национален одбор за организација, Општински организационен одбор и Местен организационен одбор.

Чл. 6

Советот на Општина Демир Хисар го овластува градоначалникот да ги започне и води разговорите и контактите со соодветните партнери, институции, Македонската православна црква, спонзори, донатори, членови на националниот, општинскиот и местниот одбор и други партнери, учесници, поддржувачи, помагатели.

Чл. 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник" на Општина Демир Хисар.

Бр. 07-389/9 Совет на Општина Демир Хисар
12.05.2014 година Претседател,
Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за формирање на национален одбор за обележување на 1000 години од постоењето на манастирот „Свети Јован Претеча" и 1000 години од смртта на Цар Самоил**

1.Ја објавувам Одлуката за формирање на национален одбор за обележување на 1000 години од постоењето на манастирот „Свети Јован Претеча" с.Слепче и 1000 години од смртта на Цар Самоил донесена на 19-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 12.05.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-416/8 Општина Демир Хисар**
**15.05.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**204**.Врз основа на чл. 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр. 5/02) и чл. 43, став 1, точка 41 од Статутот на општината Демир Хисар (Службен гласник на општината Демир Хисар бр. 3), Советот на Општина Демир Хисар, на редовната седница одржана на 12.05.2014 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ НАЦИОНАЛЕН ОДБОР ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 1000 ГОДИНИ ОД ПОСТОЕЊЕТО НА МАНАСТИРОТ СВЕТИ ЈОВАН ПРЕТЕЧА КАЈ СЛЕПЧЕ И 1000 ГОДИНИ ОД СМРТТА НА ЦАР САМОИЛ**

Чл. 1

Се формира Национален одбор за одбележување на 1000 години од постоењето на манастирот свети Јован Претеча кај Слепче, Демир Хисар и 1000 години од смртта на Цар Самоил.

Чл. 2

Покровител на манифестацијата ќе биде Претседателот на Република Македонија.

Чл. 3

За почесни членови и членови на Националниот одбор се избираат:

**<u>Претседател</u>**

1. Градоначалник на Општина Демир Хисар

**<u>Почесни членови</u>**

2. Претседател на Владата на РМ,
3. Министер за култура
4. Академик Владо Камбовски, претседател на МАНУ
5. Академик Цветан Грозаданов
6. Соња Талевска, пратеник
7. Митрополит Петар, Преспанско – Пелагониска Епархија

**<u>Научен секретар</u>**

8. Сашо Цветковски

**<u>Дипломатски координатор</u>**

9. Јордан Плевнеш, ректор на Европскиот универзитет за аудиовизуелни уметности ЕСРА

**<u>Координатор за уметнички настани</u>**

10. Игор Џамбазов, актер

**Членови**

11. Драгица Ѓорѓиевска, директор на Институтот за национална историја

12. Жарко Башевски, скулптор, професор на Факултетот за ликовна уметност

13. Маја Јакимовска – Тошиќ, директор на Институтот за литература

14. Зоран Тодоровски, директор на Историскиот архив на РМ

15. Христо Петревски, писател, главен и одговорен уредник на списанието "Книжевна Академија" на Издавачката куќа "Феникс" и Фондацијата "Македонија презент" - Скопје

16. Веселинка Лаброска, директор на Инситутот за македонски јазик

17. Раде Силјан, Основач и директор на книгоиздателството Матица македонска

18. Веле Смилевски, Претседател на Собранието на Друштвото на писателите

19. Отец Серафим, старешина на манастирот св. Јован Претеча

Националниот совет има право да ангажира и други лица за кои смета дека се од посебен интерес и придонес во целокупната организација, но по претходен договор и со одобрување и согласност на претседателот на Одборот.

Чл. 4

Седниците на Националниот одбор ги закажува градоначалникот на општината во својство на претседател на Одборот. На членовите на Националниот одбор кои не се од Демир Хисар, им следува надоместок за патни трошоци до Демир Хисар и обратно во паушален износ од 1000 мкд. и еден оброк за еднодневен престој. Персоналниот данок е на товар на Буџетот на Општина Демир Хисар.

Чл. 5

Членовите на Националниот одбор имаат право на бесплатно мотелско сместување во Демир Хисар доколку со посебна одлука на Одборот ќе се утврди потреба од престој во Демир Хисар повеќе од еден ден. Трошоците за сместување во мотелите во Демир Хисар се на товар на Буџетот на Општина Демир Хисар.

Чл. 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Демир Хисар.

Бр. 07-389/10 Совет на Општина Демир Хисар
12.05.2014 година Претседател,
Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за формирање на општински организационен одбор за обележување на 1000 години од постоењето на манастирот „Свети Јован Претеча“ и 1000 години од смртта на Цар Самоил**

1.Ја објавувам Одлуката за формирање на општински организационен одбор за обележување на 1000 години од постоењето на манастирот „Свети Јован Претеча“ с.Слепче и 1000 години од смртта на Цар Самоил донесена на 19-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 12.05.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-416/9 Општина Демир Хисар**
**15.05.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**205.** Врз основа на чл. 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02) и чл. 43, став 1, точка 41 од Статутот на општината Демир Хисар (Службен гласник на општината Демир Хисар бр. 3), Советот на Општина Демир Хисар, на редовната седница одржана на 12.05.2014 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ ОПШТИНСКИ И МЕСТЕН ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 1000 ГОДИНИ ОД ПОСТОЕЊЕТО НА МАНАСТИРОТ СВЕТИ ЈОВАН ПРЕТЕЧА КАЈ СЛЕПЧЕ И 1000 ГОДИНИ ОД СМРТТА НА ЦАР САМОИЛ**

Чл. 1

Се формира Општински организационен одбор за одбележување на 1000 години од постоењето на манастирот свети Јован Претеча кај Слепче, Демир Хисар и 1000 години од смртта на Цар Самоил.

**ОПШТИНСКИ ОДБОР**

Чл. 2

Изборот на членовите на Општинскиот одбор се врши според следниот принцип:

- Претседател на Одборот – го именува градоначалникот

- 2 членови на одборот – ги именува градоначалникот

- Јосиф Ристевски, претседател на Совет, члем, - го избира Советот

- 4 членови на одборот – ги избира Советот на општината

- Љубе Неделковски, претседател на МЗ Слепче, го избира Советот на МЗ Слепче

- 2 членови на одборот – ги избира Советот на МЗ Слепче

Чл. 3

Членовите на Општинскиот одбор треба да бидат од редот на истакнати јавни, културни, општествени, но истакнати, етаблирани, искусни и проверени дејци и активисти кои ќе дадат максимален, непосреден, директен и оперативен придонес во реализацијата на целокупната програма на манифестацијата.
За претседател и двајца членови на Општинскиот одбор, градоначалникот на општината ги именува следните лица:

1. Љупчо Ангелевски, претседател

2. Горан Костовски, член

3. Благоја Шундовски, член

Чл. 4

За членови на Општинскиот одбор, Советот на општината ги избира следниве лица:

1. Јосиф Ристевски, член

2. Љубе Дамчевски, член

3. Гоце Мицковски, член

4. Ѓоко Василевски, член и

5. Сузана Димовска, член

Чл. 5

За членови на Општинскиот одбор, Советот на МЗ Слепче ги именува следниве лица:

1. Љубе Неделковски, член

2. Виолета Балуловска, член

3. Кире Ристевски, член

Чл. 6

Општинскиот одбор има право да ангажира и други лица за кои смета дека се од посебен интерес и придонес во целокупната организација, но по претходен договор и со одобрување и согласност на претседателот на Одборот.

Чл. 7

Седниците на Општинскиот одбор ги закажува претседателот на Одборот. На членовите на Општинскиот одбор им следува надоместок за учество на редовна седница на Одборот во согласност со актите на Општина Демир Хисар.

**<u>МЕСТЕН ОДБОР СЛЕПЧЕ</u>**

Чл. 8

Се формира Местен организационен одбор Слепче за одбележување на 1000 години од постоењето на манастирот свети Јован Претеча кај Слепче, Демир Хисар и 1000 години од смртта на Цар Самоил.

Чл. 9

Бројот на членовите и персоналниот состав на Местниот одбор, самостојно го определува и утвредува Советот на Местната заедница Слепче.
За претседател на Местниот одбор Слепче, Советот го именува Љубе Неделковски, претседател на МЗ Слепче. Претседателот на Местниуот одбор, по правило е еден од членовите на Општинскиот одбор од Местната заедница Слепче.

Чл. 10

Општинскиот и Местниот одбор се во постојана директна и непосредна комуникација и координација на активностите и меѓусебно се помагаат, поддржуваат и дополнуваат.

Чл. 11

Местниот одбор има право да ангажира и други лица за кои смета дека се од посебен интерес и придонес во целокупната организација, но по претходен договор и со одобрување и согласност на претседателот на Општинскиот организационенј одбор.

Чл. 12

На членовите на местниот одбор не им следуваат никакви надоместоци по однос на патни, дневни и трошоци за превоз, храна и сместување. Потребите од техничка и друга логистичка поддршка, во рамките на можностите и расположивите човечки, технички и финансиски ресурси, ќе ги алиментира општината Демир Хисар.

Чл. 13

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр. 07-389/11 Совет на Општина Демир Хисар
12.05.2014 година Претседател,
Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Предлог за прогласување на природна реткост „Блатен даб“ Слоештица**

1.Ја објавувам Предлог за прогласување на природна реткост „Блатен даб“ Слоештица донесена на 19-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 12.05.2014 година.
2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-416/10** **Општина Демир Хисар**
**15.05.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**206.** Врз основа на чл. 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02) чл. 43, став 1, точка 20 од Статутот на општината Демир Хисар (Службен гласник на општината Демир Хисар бр. 3/02, Советот на Општина Демир Хисар, на редовната седница одржана на 12.05.2014 година, донесе

**ПРЕДЛОГ**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРИРОДНА РЕТКОСТ „БЛАТЕН ДАБ – СЛОЕШТИЦА“**

Чл. 1
Советот на Општина Демир Хисар му предлага на Министерот за животна средина и просторно планирање, прогласување на природна реткост БЛАТЕН ДАБ кај село Слоештица, Демир Хисар.

Чл. 2
Предлогот за прогласување на природната реткост е во согласност со Секторската студија за заштита на природното наследство (1999) изработена за потребите на Просторниот План на Република Македонија (2004). Со овој документ, Блатниоит даб кај с. Слоештица е евидентиран како предлог за заштита во категоријата споменик на природата.

Чл. 3
Советот на Општина Демир Хисар, во соработка со стручни, соодветни и надлежни институции и организации ќе изработи Елаборат за валоризација на природна реткост БЛАТЕН ДАБ – СЛОЕШТИЦА.

Чл. 4
Доколку надлежниот орган го прифати Предлогот за прогласување на природна реткост БЛАТЕН ДАБ – СЛОЕШТИЦА, Општина Демир Хисар, во рамките на своите законски надлежнопсти, во согласност со сопственикот на парцелата на која што се наоѓа дрвото, се обврзува да преземе и спроведе соодветни мерки и активности за обележување и уредување на просторот пред и околу објектот.

Чл. 5
Општина Демир Хисар, во согласност со законските надлежности, Елаборатот и одредбите од оваа одлука, се обврзува, во соработка и во меѓусебна координација со корисникот на концесионерското поле за експлоатација на минарелни суровини што се наоѓа во непосредна близина, да предложи, преземе и спроведе мерки и активности за заштита од влијанијата кои можат да бидат закана по здравствената состојба и егзистенција на дрвото.

Чл. 6
Општина Демир Хисар се ибврзува континуирано и во зависност од тековните и календарски предвидените потреби, да презема мерки за заштита и унапредување на предметната природна реткост, опишани во Елаборатот за валоризација, како и спроведување на заштитно – конзерваторски мерки од страна на стручни лица/експерти од областа на шумарството од Катедрата за дендрологија и фитоценологија при Шумарскиот факултет во Скопје.

Чл. 7
Општина Демир Хисар се обврзува сите заштитно – конзерваторски мерки како и други научни истражувања на Блатниот даб да ги спроведува по претходна дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Чл. 8
Општина Демир Хисар е согласна да го прифати правото на управување со оваа природна реткост бидејќи Блатнито даб се наоѓа на подрачјето на Општина Демир Хисар, а во согласност со Законот за животна средина.

Чл. 9
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Демир Хисар.

Бр. 07-389/12 Совет на Општина Демир Хисар
12.05.2014 година Претседател,
Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Предлог за прогласување на природна реткост „Дабова состоина“ Мренога**

1.Ја објавувам Предлог за прогласување на природна реткост „Дабова состоина“ Мренога донесена на 19-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 12.05.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-416/11 Општина Демир Хисар**
**15.05.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**207.** Врз основа на чл. 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02) чл. 43, став 1, точка 20 од Статутот на општината Демир Хисар (Службен гласник на општината Демир Хисар бр. 3/02, Советот на Општина Демир Хисар, на редовната седница одржана на 12.05. 2014 година, донесе

**ПРЕДЛОГ**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРИРОДНА РЕТКОСТ „ДАБОВА СОСТОИНА - МРЕНОГА“**

Чл. 1

Советот на Општина Демир Хисар му предлага на Министерот за животна средина и просторно планирање, прогласување на природна реткост ДАБОВА СОСТОИНА – 35 стебла од родот на дабови од видовите Цер, Горун и Плоскач на површина од 2.59 ха, на локалитет во с. Мренога, Демир Хисар.

Чл. 2

Предлогот за прогласување на природната реткост е во согласност со Секторската студија за заштита на природното наследство (1999) изработена за потребите на Просторниот План на Република Македонија (2004). Со овој документ, Дабовата состоина кај с. Мренога е евидентиран како предлог за заштита во категоријата споменик на природата.

Чл. 3

Советот на Општина Демир Хисар, во соработка со стручни, соодветни и надлежни институции и организации ќе изработи Елаборат за валоризација на природна реткост ДАБОВА СОСТОИНА - МРЕНОГА.

Чл. 4

Доколку надлежниот орган го прифати Предлогот за прогласување на природна реткост ДАБОВА СОСТОИНА - МРЕНОГА, Општина Демир Хисар, во рамките на своите законски надлежнопсти, во согласност и договор со Македонската Православна Црква која е сопственик на парцелата на која што се наоѓаат дабовите стебла, се обврзува да преземе и спроведе соодветни мерки и активности за обележување и уредување на просторот и стеблата.

Чл. 5

Општина Демир Хисар, во согласност со законските надлежности, Елаборатот и одредбите од оваа одлука, се обврзува, во соработка и во меѓусебна координација со Преспанско – Пелагониската Епархија и местниот одбор на манастирот свети Атансиј којшто се наоѓа во непосредна близина, да предложи, преземе и спроведе мерки и активности за заштита од влијанијата кои можат да бидат закана по здравствената состојба и егзистенција на дабовите стебла.

Чл. 6

Општина Демир Хисар се ибврзува континуирано и во зависност од тековните и календарски предвидените потреби, да презема мерки за заштита и унапредување на предметната природна реткост, опишани во Елаборатот за валоризација, како и спроведување на заштитно – конзерваторски мерки од страна на стручни лица/експерти од областа на шумарството.

Чл. 7

Општина Демир Хисар се обврзува сите заштитно – конзерваторски мерки како и други научни истражувања на дабовите стебла да ги спроведува по претходна дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Чл. 8

Општина Демир Хисар е согласна да го прифати правото на управување со оваа природна реткост бидејќи Дабовата состоина се наоѓа на подрачјето на Општина Демир Хисар, а во согласност со Законот за животна средина.

Чл. 9

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Демир Хисар.

Бр. 07-389/13 Совет на Општина Демир Хисар
12.05.2014 година Претседател,
Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за продолжување на работното време**

1.Го објавувам Заклучокот за продолжување на работното време донесен на 19-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 12.05.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-416/12 Општина Демир Хисар**
**15.05.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**208.** Врз основа на член 109 од Деловникот за работа на Советот на општина Демир Хисар „Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.3/02“ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 12.05.2014 година го разгледа барањето на Иницијативниот одбор на матурантите и донесе:

ЗАКЛУЧОК
За продолжување на работното време за определен угостителски објект

1.Се одобрува продолжување на работното време за угостителскиот објект „Чичко Таљо“ Демир Хисар за денот 22.05.2014 година и тоа од 01 до 03 часот.

2.Продожување на работното време на споменатиот угостителски објект во точката еден (1) е како укажана потреба поради одржување на матурска вечер на генерацијата матуранти 2014 година СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавен во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07- 389/14** **Совет на Општина Демир Хисар**
**12.05.2014 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

СОДРЖИНА

1. Мислење за Програмата за реализација на ученички екскурзии за ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар----------1
2. Одлука измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година----------------1-2
3.Закчлучок за усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2014 година I-квартал--------------------------------------------------2
4.Извештај за реализација на Планот за зимско одржување на патиштата за сезона 2013/14 година---3
5.Решение за давање на Согласност за донесување на Статут на ЈОУД детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар-------------------------------------------------------------3
6.Прелиминарна Одлука за воспоставување на партнерство за збратимување со Општина ДЕГ од Унгарија---------------------------------------------------------4
7. Одлука за покренување на иницијатива за обележување на 1000 години од постоењето на манастирот „Свети Јован Претеча“ с.Слепче и 1000 години од смртта на Цар Самоил---------------------------------------------------------4-5
8.Одлука за формирање национален одбор за обележување на 1000 годишнина од постоењето на манастирот „Св.Јован Претеча“ и 1000 години од смртта на Цар Самоил---------------------------------------------------5-6
9.Одлука за формирање на Општински и месен организационен одбор на 1000 години од постоењето на манастирот „Св.Јован Претеча“ и 1000 години од смртта на Цар Самоил----------------------------------------------------6-7
10.Предлог за прогласување на природна реткост „Блатен даб“ Слоештица---------------------------------------------------8
11. Предлог за прогласување на природна реткост „Дабова состоина“ Мренога---------------------------------9
12. Заклучок за продолжување на работното време за определен угостителски објект-------------------------9-10

**Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник.**
**Љупчо Блажевски**
**Компјутерска обработка: Виолета Пајковска**